


# ВОДИЧ ЗА АПЛИКАНТИТЕ

## 1. Нов европски Баухаус

Новиот европски Баухаус (НЕБ) е креативна и интердисциплинарна иницијатива која го поврзува Европскиот зелен договор со нашите животни простори и искуства. Ги повикува сите Европејци да замислат и заедно да изградат одржлива и инклузивна иднина која е убава за нашите очи, умови и души.

Со создавање на мостови помеѓу различни потекла, правејќи пресек на различни дисциплини и градење на учество на сите нивоа, Новиот европски Баухаус инспирира движење за олеснување и насочување на трансформацијата на нашите општества според три неразделиви вредности:

- **одржливост**, од климатски цели, до циркуларност, нула загадување и биодиверзитет;
- **инклузивност**, од вреднување на различностите, до обезбедување пристапност и достапност;
- **естетика и квалитетно искуство** за луѓето, преку дизајн и културолошки придобивки;

Решенијата на Новиот европски Баухаус ги отелотворуваат овие вредности во активности кои ги **комбинираат локалните, европските и глобалните димензии и го искористуваат потенцијалот на партиципативни и трансдисциплинарни пристапи**. Вклучувањето на локалните засегнати страни во заедничкото креирање на проекти на НЕБ е во срцето на иницијативата на Новиот европски Баухаус.

Иницијативата беше покрената од Европската комисија во 2020 година и кодизајнирана со илјадници луѓе и организации низ Европа и пошироко. Оттогаш, заедницата на Новиот европски Баухаус никогаш не престана да расте. За да го прославиме ова достигнување и дополнително да ги промовираме вредностите на одржливост, инклузија и естетика, во 2024 година **фестивалот Нов европски Баухаус** за своето второ издание ќе собере луѓе од сите сфери на животот да дебатираат и да ја обликуваат нашата иднина. Под мотото **„Ресурси за сите“, од 17 до 21 април**, во Брисел ќе се одржат бројни работилници, активности и дискусии, истовремено со сателитски настани во градовите низ ЕУ. Фестивалот, исто така, ќе биде домаќин на **Церемонијата за доделување на Наградите Нов европски Баухаус за 2024 година**, каде што ќе ги прославиме брилијантните проекти и концепти на сите финалисти и ќе ги објавиме добитниците на натпреварот.

## 2. Награди Нов европски Баухаус

Наградите Нов европски Баухаус ги препознаваат и даваат видливост на иновативните проекти и концепти на граѓани од Европа и пошироко.

Изминатите три изданија на Наградите Нов европски Баухаус во 2021, 2022 и 2023 година, ја покажаа посветеноста на луѓето низ Европа и во странство да создадат поодржлив, инклузивен и поубав свет. Сега тој е добро воспоставен годишен натпревар кој ги инспирира принципите на Новиот европски Баухаус во реалните локални проекти. Наградите обезбедија платформа каде што луѓето ќе ја изразат својата креативност, талент и иновативни идеи во корист на нивните заедници и општеството како целина во согласност со одржливоста, естетиката и инклузивноста како основни вредности.

Изминатите три изданија на Наградите препознаа и донесоа видливост на постоечки проекти, како и концепти развиени од млади и надежни таленти. Со повеќе од 4.500 добиени апликации и 52 добитници, Наградите се доказ за извонредната посветеност на поединци и организации на иницијативата на Новиот европски Баухаус.

## 3. Изданието на Наградите Нов европски Баухаус за 2024 година

Додека клучните елементи на Наградите Нов европски Баухаус остануваат непроменети, четвртото издание доаѓа со три новитети:

**Прво,** изданието на наградите за 2024 година ќе обрне посебно внимание на регионите кои се соочуваат со некои од најитните социо-економски проблеми во ЕУ и во срцето на активностите на кохезионата политика на ЕУ. Тоа се региони кои се соочуваат со поинтензивни предизвици, како што се обезбедувањето добри животни стандарди за граѓаните, обезбедување универзален пристап до основните услуги, справување со невработеноста и задржување на младите таленти. Покрај тоа, Наградите за 2024 година ќе се фокусираат на оние места кои се најмногу погодени од социо-економските трошоци кои произлегуваат од климатската транзиција, со посебен акцент на регионите поддржани од „Фондот за праведна транзиција“ – составен дел од напорите на ЕУ да им се помогне на тие територии во нивната диверзификација и реконверзија.

Со цел да се поттикнат позитивни промени на овие територии, особено преку обезбедување инспиративни примери за тоа како успешно да се решат проблемите со кои се соочуваат, **една четвртина од наградите ќе бидат доделени на апликации за проекти и концепти кои потекнуваат од овие региони**. Картите на разгледуваните региони се достапни во Анекс 1, заедно со список на овие региони во Анекс 2[1].

**Второ,** изданието на Наградите за 2024 година ќе ги **добредојде апликациите за проекти и концепти во Украина**, покрај оние од земјите-членки на ЕУ и Западен Балкан.

---

1 Како што е дефинирано во Регулативата (ЕУ) 2021/1060 на Европскиот парламент и на Советот од 24 јуни 2021 година со која се утврдуваат заеднички одредби за Европскиот фонд за регионален развој, Европскиот социјален фонд плус, Кохезиониот фонд, Фондот за праведна транзиција и Европскиот поморски фонд и фонд за рибарство и аквакултура и финансиските правила за тие и за Фондот за азил, миграција и интеграција, Фондот за внатрешна безбедност и Инструментот за финансиска поддршка за гранично управување и визна политика и Регулативата (ЕУ) 2021/1056 од Европскиот парламент и на Советот од 24 јуни 2021 година за основање на Фондот за праведна транзиција.

**Трето,** за да се препознаат и поддржат **отпорноста и напорите за закрепнување и обнова на Украина**, Наградите за 2024 година ќе доделат и посебна награда за проект или концепт што ги поддржува напорите за обнова и закрепнување во духот на Новиот европски Баухаус. Оваа награда „**Посебно признание за напорите за обнова и закрепнување на Украина**" има за цел да ја признае и да придонесе во подготовката на обновата на Украина, како и во другите напори во социјалното и економското закрепнување на земјата. Ги охрабрува проектите и концептите усогласени со вредностите и принципите на Новиот европски Баухаус кои позитивно влијаат на инфраструктурните, социјалните и економските (или мешавина од овие) аспекти на процесот на закрепнување во Украина и ќе го препознае најдобриот проект или концепт меѓу нив со посебна награда. Ова специјално признание треба да обезбеди инспирација и да поттикне зголемена соработка и ангажман помеѓу украинските партнери и заедницата на НЕБ.

Како и во последните две изданија, Наградите за 2024 година ќе бидат доделени во четири утврдени категории базирани на тематските оски на трансформација кои го водат остварувањето на Новиот европски Баухаус[2]:

- **Повторно поврзување со природата**
- **Обновување на чувството на припадност**
- **Давање приоритет на местата и луѓето на кои тоа им е најпотребно**
- **Обликување на кружен индустриски екосистем и поддршка на размислување за животниот циклус**

Во секоја од четирите категории, воспоставени се две паралелни натпреварувачки нишки:

- **Нишка А: „Шампиони на Новиот европски Баухаус"** ќе биде посветена на постоечки и завршени проекти со јасни и позитивни резултати.
- **Нишка Б: „Ѕвезди во подем на Новиот европски Баухаус"** ќе биде посветена на концепти поднесени од млади таленти на возраст до 30 години. Концептите можат да бидат во различни фази на развој, од идеи со јасен план, до ниво на прототип.

На Наградите за 2024 година ќе бидат доделени вкупно **20 награди**:

- Под Нишка А, ќе бидат избрани 1 добитник и 1 второпласиран (второ место) во секоја категорија од страна на стручно жири (т.е. 4 добитници и 4 второпласирани).
- Под Нишка Б ќе бидат избрани 1 добитник и 1 второпласиран (второ место) во секоја категорија од страна на стручно жири (т.е. 4 добитници и 4 второпласирани).

[2] Категориите ја изразуваат визијата развиена во Известувањето на Европската комисија за Новиот европски Баухаус, поаѓајќи од придонесите на заинтересираните страни во фазата на дизајн на иницијативата.

- Ќе бидат избрани 1 добитник и 1 второпласиран од Украина за наградата „Посебно признание за напорите за обнова и закрепнување на Украина“ во сите категории и нишки од страна на стручно жири.
- Под секоја Нишка, ќе биде избран 1 добитник во категориите со јавно гласање преку интернет (т.е. вкупно 2 добитника).

Една четвртина од сите награди (т.е. вкупно најмалку 5 награди во сите категории и нишки) ќе бидат доделени на апликации лоцирани во региони на ЕУ кои се соочуваат со поинтензивни социо-економски предизвици и места кои се соочуваат со најголем предизвик поради потребата да еволуираат во јаглеродно неутрална економија. (Види ги картите на подобните региони достапни во Анекс 1, заедно со список на овие региони во Анекс 2).

Сите добитници ќе бидат објавени на официјалната церемонија организирана од страна на Европската комисија, на фестивалот Нов европски Баухаус.

## 4. Наградата

Добитниците и второпласираните ќе добијат парични награди во износ од:

- **30.000 евра** за добитниците на наградата Шампиони на Новиот европски Баухаус (Нишка А)
- **15.000 евра** за добитниците на наградата Ѕвезди во подем на Новиот европски Баухаус (Нишка Б)
- **20.000 евра** за второпласираните на наградата Шампиони на Новиот европски Баухаус (Нишка А)
- **10.000 евра** за второпласираните на наградата Ѕвезди во подем на Новиот европски Баухаус (Нишка Б)
- **30.000 евра** за добитникот на наградата „Посебно признание за напорите за обнова и закрепнување на Украина“.
- **15.000 евра** за второпласираниот на наградата „Посебно признание за напорите за обнова и закрепнување на Украина“.

Покрај паричниот износ, секој добитник и второпласиран ќе има корист од комуникацискиот пакет обезбеден од страна на Европската комисија (на пример, промоција на социјалните медиуми и веб-страниците на Европската комисија, производство на кратко видео и поддршка при промовирањето на проектите).

## 5. Четирите категории




### Повторно поврзување со природата

Ќе разгледуваме инспиративни примери на убави, одржливи и инклузивни проекти кои ги доближуваат поединците и заедниците поблиску до природата, кои придонесуваат за регенерација на природните екосистеми и спречуваат губење на биодиверзитетот, или ги поканува ат да го преиспитаат нивниот

однос со природата од перспектива насочена кон животот, како алтернатива на онаа насочена кон луѓето.

Примерите може да вклучуваат физичка трансформација на места кои покажуваат како нови, реновирани или регенерирани средини и јавни простори можат да **придонесат за заштита, реставрација и/или регенерација на природните екосистеми** (вклучувајќи ги циклусите на почвата и водите) и **биодиверзитетот**. Примената на **решенија и материјали базирани на природата** би можело да биде важна димензија во физичката трансформација.

Трансформацијата исто така треба да придонесува и за социјалната инклузивност, на пример, со разгледување на достапноста и пристапноста на местото, вклучувајќи ги принципите на „дизајн за сите“, користејќи ги **зачувувањето и реставрацијата на неговата средина** како заедничка задача за целата заедница, користејќи ги **зелените површини како поврзувачи** помеѓу заедничките простори во разни области. Трансформацијата треба да им донесе на заедниците придобивки во форма на квалитетно искуство, на пример, земајќи ги предвид локалните културни традиции и наследства и локалните потреби.

Примерите може да покажат и како настаните, активностите, процесите и производите можат да **доловат чувство или искуство како е да се биде дел од природата и да ја променат перспективата кон природата**. Тоа може да бидат соседски, „грасрут“ иницијативи, уметнички иницијативи и фестивали, итн.




## Обновување на чувството на припадност

Ќе разгледуваме инспиративни примери на убави, одржливи и инклузивни проекти кои придонесуваат за внесување на чувство на припадност, „дух“ или „значење“ на местата, заедниците или производите кои ја слават разновидноста.

Примерите може да вклучуваат физичка трансформација на места кои покажувајќи како новата, реновирана, обновена или регенерирана средина може да се **поврзе со локалното историско наследство и традиции или со локални елементи на современата демографска реалност, културна и уметничка динамика и начин на живот**. Тие исто така можат да прикажат како процесите на регенерација можат да придонесат за **враќање на чувството на припадност или за обликување на амбиции ориентирани кон иднината за заедниците на локално или регионално ниво**. Пренамената на простори кон позитивна **меѓугенерациска размена и градење заедници** може да биде многу важна димензија.

Примерите, исто така, може да вклучуваат развој на производи, процеси или бизнис модели, кои се **надоврзуваат на локалните култури, традиции, знаења, занаети и современа разновидност и креативност**. Тоа може да биде мода, мебел

или внатрешен дизајн, но и храна или други елементи од нашиот секојдневен живот кои носат чувство на припадност на локално ниво.




## Давање приоритет на местата и луѓето на кои тоа им е најпотребно

Ќе разгледуваме инспиративни примери на убави, одржливи и инклузивни проекти кои придонесуваат за задоволување на потребите на териториите, заедниците и поединците на кои им е потребно итно внимание поради специфични економски, општествени или физички карактеристики.

Примерите може да вклучуваат физичка трансформација и регенерација на територии и места, вклучувајќи мали села, рурални области, градови кои се смалуваат, уназадени градски области, деиндустријализирани области, места кои ги пречекуваат бегалците или места кои се стремат да бидат достапни за сите. Може да вклучуваат развој на амбициозни **проекти за социјално и привремено домување** и **враќање во првичната состојба, реновирање, регенерација на зградите и нивната средина за борба против сегрегацијата и изолацијата**. Примерите, исто така, може да се однесуваат на одредени потреби на групи и поединци кои се најранливи, на пример, **оние кои бегаат од вооружен конфликт, кои се под ризик од исклученост или сиромаштија, или кои доживуваат бездомништво**.

Примерите, исто така, може да прикажат како напредното спроведување на принципот на „**дизајн за сите**“ во трансформацијата на изградената средина може да ги реши проблемите со пристапноста за лицата со попреченост, како и да одговори на факторите на стареење.

Други предлози може да покажат како **услугите во заедницата**, новите начини на здружување различни заедници (на пример, повеќегенерациски средини) и/или различни функции (домување, социјална инклузија, итн.) заедно може да донесат **нови решенија за да се задоволат специфичните потреби**. Примерите може да вклучуваат и модели за сопственост и бизнис модели, како што се **шеми против шпекулации, модели на соработка или инвестиции со позитивно влијание**.




## Обликување на кружен индустриски екосистем и поддршка на размислување за животниот циклус

Ќе разгледуваме инспиративни примери на убави, одржливи и инклузивни проекти кои придонесуваат за трансформација на индустриските екосистеми во насока на поодржливи практики во духот на циркуларноста, земајќи ги предвид значајните општествени аспекти.

Примерите може да вклучуваат трансформација на елементи на специфични синџири на вредност, од набавка на суровини до рециклирање на отпад во различни екосистеми, **од**

**градежништво до сектори за текстил и начин на живот** (мебел, дизајн, итн.). Во таа смисла, релевантни примери би можеле да бидат нови процеси, нови материјали, одржливо набавени **решенија и производи базирани на природата** или нови бизнис модели кои носат јасни придобивки во однос на одржливоста и циркуларноста, како и во однос на квалитетот на живот за сите и дизајнот за сите. Тука треба соодветно да се интегрираат аспектите за достапност и социјалната инклузија.

Примерите можат да промовираат нови економски модели, особено во **социјалната и близинската економија и да влијаат на инвестициите**. Примерите може да вклучуваат и иницијативи, кои, преку трансформација на индустрискиот екосистем или процеси, исто така придонеле за севкупниот социо-економски развој на местото/регионот. Примерите може да се состојат и од методи, алатки или насоки, кои ја олеснуваат (само)проценката на циркуларните перформанси за различни видови добра и услуги.

## 6. Како да аплицирате

Апликациите за Наградите Нов европски Баухаус треба да се поднесат преку наменетата платформа. Завршените проекти (Нишка А) или концепти (Нишка Б) треба детално да се опишат во соодветниот формулар за аплицирање.

Апликацијата треба детално да наведе како проектот или концептот ги одразува и преведува **вредносните принципи и принципите на работа на Новиот европски Баухаус**. Исто така, треба да вклучи елементи што ги одразуваат **критериумите за подобност и наградување**, кои малку се разликуваат за секоја нишка (види подолу).

**Секоја апликација може да биде поднесена во само една категорија и за само една нишка.** Секој апликант може да поднесе повеќе апликации сè додека тие се однесуваат на различни проекти или концепти.

Апликантите за наградата „Посебно признание за напорите за обнова и закрепнување на Украина“ **мора во формуларот за аплицирање да го наведат својот интерес да аплицираат за оваа награда.** За оваа награда подобни се само апликантите од Украина, а проектите или концептите мора да се спроведат во Украина.

Периодот за аплицирање ќе започне на **02 октомври 2023 година**, а ќе заврши на **10 ноември 2023 година во 19:00 часот средноевропско време (CET)[3].**

Ве повикуваме да ја следите платформата на Наградите Нов европски Баухаус за повеќе информации и дополнителни ажурирања, а вашите прашања можете

[3] За време на периодот за аплицирање, Европската комисија може да донесе одлука да го продолжи рокот за аплицирање. Одлуката за продолжување е соопштена на веб-страницата на Наградите НЕБ за 2024 година.

да ги испратите до функционалното поштенско сандаче (EC-Contact-NEB-Prizes@ec.europa.eu) наведено на платформата.

Апликациите може да се менуваат и ажурираат сè додека се во нацрт-состојба. Ве молиме не чекајте до крајниот рок за поднесување на вашата апликација за да избегнете проблеми во последниот момент, како што се бавното вчитување на страницата што може да се случи кон крајот на поднесувањето. Само апликациите поднесени до официјалниот краен рок ќе бидат земени предвид од страна на Одборот за евалуација.

## 7. Критериуми за подобност

Следниот дел дава детални објаснувања за критериумите за подобност за апликантите и за апликациите. Може да најдете табела која ќе ви помогне да ја потврдите вашата усогласеност со критериумите за подобност во Анекс 3.

### 7.1. Подобни апликанти

Сите **апликанти** за Наградите Нов европски Баухаус мора да ги исполнат следните критериуми:

1. Можат да аплицираат жители на ЕУ или надвор од ЕУ, сè додека нивните проекти и концепти се спроведуваат во ЕУ, Западен Балкан[4] или во Украина.
2. За наградата „Посебно признание за напорите за обнова и закрепнување на Украина“, погледнете ја спецификацијата во дел 7.2 „Појаснување за наградата ‚Посебно признание за напорите за обнова и закрепнување на Украина'“.
3. Посебни правила важат за одредени субјекти (на пример, субјекти кои се предмет на ограничени мерки на ЕУ според член 29 од Договорот за Европската Унија (ДЕУ) и член 215 од Договорот за функционирање на ЕУ (ДФЕУ)1[5] и субјекти опфатени со Насоките на Комисијата бр. 2013/C 205/05[6]. Таквите субјекти не се подобни да учествуваат во какво било својство.
4. Апликацијата мора да се поднесе од страна на:
   a) За Нишка А: поединецот(ите) или организацијата(ите) (град или регион, финансиер, организатор) кој е/се овластени да го претставува(ат) проектот.
   b) За Нишка Б: поединецот(ите) или организацијата(ите) кој/кои се автор(и) на концептот. Ако неколку коавтори стојат зад концептот и учествувале во неговиот дизајн/развој, тогаш сите автори мора да бидат соодветно наведени. Сите апликанти во оваа нишка мора да имаат до 30 години на последниот ден од повикот за аплицирање, вклучувајќи ги и сите

[4] Албанија, Босна и Херцеговина, Косово*, Северна Македонија, Црна Гора и Србија.
* Ова именување е без предрасуди кон ставови за статусот и е во склад со мислењето на РСБОН 1244/1999 и МСП за декларацијата на независност на Косово.
[5] Имајте предвид дека Службениот весник на ЕУ го содржи официјалниот список и, во случај на конфликт, неговата содржина преовладува над онаа на Картата на санкции на ЕУ.
[6] Насоки на Комисијата бр. 2013/C 205/05 за подобноста на израелските субјекти и нивните активности на териториите окупирани од Израел од јуни 1967 година за грантови, награди и финансиски инструменти финансирани од ЕУ од 2014 година наваму (OJEU C 205 од 19.07.2013 година, стр. 9-11)

претставници на организацијата вклучени во креирањето на дадениот концепт.

5. Апликантот не треба да биде во една или повеќе од исклучителните ситуации предвидени во член 136 од Финансиската регулатива[7].
6. Апликантот ќе преземе единствена одговорност во случај на тужба поврзана со активностите спроведени во рамки на натпреварот.
7. Мора да се наведе името на законскиот застапник.

## 7.2. Подобни апликации

Покрај тоа, сите **апликации** за Наградите Нов европски Баухаус мора да ги исполнат следните критериуми:

1. Апликацијата мора да се поднесе преку онлајн платформата најдоцна до 10 ноември 2023 година, 19:00 часот средноевропско време.
2. Апликациите мора да се поднесат на англиски јазик.
3. Бидејќи двојното финансирање е строго забрането, апликациите што покриваат проекти или концепти кои веќе добиле парична награда од ЕУ, не можат да учествуваат во натпреварот.
4. Апликациите за проекти или концепти кои веќе добиле јавно финансирање, вклучително и од ЕУ, (на пример, грант) се подобни, сѐ додека не добиле парична награда од ЕУ.
5. Подобните апликации на кои не им е доделена награда Нов европски Баухаус во која била од нишките и категориите во претходните изданија на Наградите Нов европски Баухаус, може повторно да поднесат апликации за истиот проект или концепт, под услов да ги земат предвид применливите критериуми како што е опишано во овој Водич за апликантите.
6. Истиот проект или концепт не може да се поднесе за повеќе категории или за различни нишки.
7. Истиот/Истите апликант(и) може да поднесе(сат) повеќе од една апликација, но тие треба да бидат различни апликации (проекти или концепти) за различни категории или нишки, види точка 6 погоре. Ниту една апликација не е дозволена двапати. Повеќе апликации поврзани со истиот проект или концепт во различните категории или нишки нема да бидат подобни.
8. Апликацијата ќе се состои од целосно пополнет формулар за аплицирање кој може да се најде на веб-страницата; мора уредно да се пополнат сите задолжителни полиња. Секој апликант мора да ја потпише Изјавата за приватност што го придружува формуларот за аплицирање.
9. Апликацијата ќе ги содржи основните информации и кредити за делото/концептот, заедно со:
   - Во Нишка А: најмалку шест фотографии со посочени авторски права и дозвола за нивно користење од Европската комисија. За проекти кои не

[7] L_2018193EN.01000101.xml (europa.eu) Член 136, https://eur-lex.europa.eu/legal-content/EN/TXT/HTML/?uri=CELEX:32018R1046&from=en

може да бидат претставени преку фотографии, може да се користат други видови на визуелни прикази (графикони, цртежи, итн).

- Во Нишка Б: најмалку една фотографија или визуелен приказ на концептот со посочени авторски права и дозвола за нивно користење од Европската комисија.

10. Апликантите во своите формулари за аплицирање мора јасно да наведат за која категорија на награди и нишка аплицираат.
11. Сите апликации мора да бидат поврзани со конкретна локација/регион, да имаат јасна целна група и јасно дефинирана(и) цел(и). Тие ќе одразат како придонесуваат за справување со конкретните предизвици со кои се соочува областа на нивната локација/регион.
12. Апликациите мора да објаснат како проектот или концептот ги интегрира и промовира вредностите и принципите на работа на Новиот европски Баухаус и како тие ќе го подобрат животот на луѓето и заедниците на подолг рок.
13. Проектите и концептите мора да се спроведуваат во ЕУ, во Западен Балкан или во Украина.
14. Проектите и концептите кои укажуваат на меѓународен географски опсег во формуларот за аплицирање треба првенствено да се спроведуваат во ЕУ, во Западен Балкан или во Украина.
15. Во сите Нишки, проектите и концептите кои нема да може да се повторат во различни контексти нема да бидат подобни. Повторливост значи можност тие да се спроведат или применат на различно место од она од каде што потекнуваат.
16. Апликациите мора да ги исполнуваат следните барања во врска со зрелоста (напредок во спроведувањето) што треба да се докаже со документи приложени кон формуларот за аплицирање:
    a) Проектите под Нишка А мора да се веќе целосно завршени во моментот на аплицирање. Целосно завршени би значело дека нема компоненти што недостасуваат на проектот (без разлика дали се работи за физички/материјални или нематеријални компоненти). Процесите, алатките, бизнис моделите, методите итн. треба да бидат целосно развиени до моментот на аплицирање. Проектите од оваа Нишка треба да бидат спроведени или применети во барем еден конкретен случај.
    b) Концептите под Нишка Б може да бидат во различна фаза на развој, од почетните концепти до ниво на прототип и треба да бидат претставени со план за развој, во кој се наведени предвидените чекори за натамошен развој, промоција и/или спроведување на концептот со посебен фокус на годината по аплицирањето.

17. Апликацијата треба да содржи докази за степенот на зрелост, резултатите, напредокот во спроведувањето, различно за секоја нишка, со соодветни документарни докази приложени кон апликацијата за:
    a) За Нишка А, апликацијата треба детално да ги наведе постигнатите резултати и аутпути од завршените проекти, на пример, извештај за евалуација, финален проектен извештај, релевантна сертификација, итн.

b) За Нишка Б, апликацијата треба да покаже посветеност да се спроведе концептот во пракса со вклучување на развоен план, детално наведувајќи ги чекорите предвидени за понатамошен развој и спроведување на концептот.

18. Апликациите што укажуваат на меѓународен географски опсег мора јасно да покажат и да обезбедат докази за партнерство или соработка, со една или повеќе земји-членки на ЕУ, Западен Балкан и/или Украина. Ова партнерство или соработка не треба да биде формализиран договор, но мора да се смета за навистина заеднички и кооперативен. Апликацијата мора да наведе како партнерите преку границите соработуваат во следните две димензии: заеднички развој и спроведување (на пример, како проектот или концептот е кодизајниран со меѓународни партнери, објаснување за улогата на секој партнер во различните фази на секоја локација каде што се спроведува проектот или концептот). Апликациите на кои им недостигаат докази за меѓународен географски опсег ќе се сметаат за национални проекти/концепти, поврзани со националноста на апликантот.

**Појаснување за наградата „Посебно признание за напорите за обнова и закрепнување на Украина“**

Ги охрабруваме **апликантите** од Украина да се приклучат на Заедницата на НЕБ и да размислат за улогата на НЕБ како водечка рамка, во согласност со политиките на ЕУ, ефикасно премостувајќи ги областите на одржливост, социјална инклузија и културни предизвици.

Со проширувањето на Наградите за 2024 година за примање апликации од Украина, ја препознаваме издржливоста на украинскиот народ кој се соочува со неволјите, како и нивната креативност и талент заедно со посветеноста на закрепнувањето и обновата во согласност со вредностите на Новиот европски Баухаус.

Со оваа посебна награда која го препознава најдобриот проект или концепт меѓу апликациите од Украина, имаме за цел да ги наградиме извонредните решенија кои би можеле да дадат инспирација за поддршка на подготовката на обновата и закрепнување во Украина со принцип на „обновено подобро“, кој опфаќа чувство на идентитет и припадност вкоренети во локалната култура во согласност со принципите на одржливост, естетика и инклузивност.

***Како да аплицирате?***

Апликантите заинтересирани за наградата „Посебно признание за напорите за обнова и закрепнување на Украина“ мора во формуларот за аплицирање да го наведат својот интерес за таа конкретна награда. Апликацијата, исто така, ќе може да се натпреварува во главната нишка на натпреварот за награди според категоријата и нишката за која апликантот ја поднел апликацијата и, дополнително, ќе биде разгледана за специјалното

признание. Сепак, секој проект или концепт може да освои само една награда, или во главната нишка на натпреварот или како избран добитник на „Посебно признание за напорите за обнова и закрепнување на Украина“.

***Критериуми за подобност:***

Покрај исполнувањето на критериумите за подобност опишани погоре, апликацијата и апликантите мора да ги исполнуваат следните критериуми:

19. За оваа награда подобни се само апликантите од Украина (поединци и организации), а проектите или концептите мора да се спроведат во Украина.
20. Поединците кои аплицираат за „Посебно признание за напорите за обнова и закрепнување на Украина“ треба да имаат украинско државјанство или да бидат жители на Украина. Подобни се лицата кои се привремено раселени во други земји, но кои престојувале во Украина пред руската агресија.
21. Организациите кои аплицираат за наградата „Посебно признание за напорите за обнова и закрепнување на Украина“ треба бидат лоцирани во Украина. Организациите чии активности и суштински дејства во моментов се координираат надвор од украинската територија поради руската агресија се подобни, под услов активностите и суштинските дејства да се спроведуваат во Украина или да се спроведат во Украина во нормални околности.
22. Апликациите со меѓународен географски опсег што вклучуваат една или повеќе земји-членки на ЕУ и/или од Западен Балкан, покрај Украина, се подобни. Меѓутоа, проектот или концептот првенствено мора да биде лоциран во Украина.
23. Апликацијата мора да одразува како проектот ги поддржува напорите за обнова и закрепнување во Украина и јасно да се однесува на доставената категорија на награди.

## 8. Критериуми за наградување

Конечното рангирање и селекцијата на добитниците ќе бидат потврдени од Одборот за евалуација, составен од членови на Европската комисија кои имаат целосна одговорност за правилно водење на натпреварот и неговите резултати.

Проценката на квалитетот на апликациите ќе ја направат надворешни, независни експерти врз основа на критериумите за наградување наведени подолу. За квалитетот на предлогот ќе бидат доделени најмногу 100 поени. За секој критериум потребен е минимален резултат од 50%. Само предлозите кои го исполнуваат овој праг може да бидат вклучени на списокот на финалисти.

## 8.1. Критериуми за наградување за сите нишки (А и Б):

a) Исклучителен карактер во однос на трите **суштински вредности** на Новиот европски Баухаус (**40/100 поени**):

1. **Одржливост:** во смисла на животната средина, на пример, намалување на влијанието на човековите активности врз животната средина, унапредување на циркуларноста и еко-дизајнот, спроведување на решенија засновани на природата, спречување на губење на биодиверзитетот, промовирање на економски активности кои опфаќаат начини на зачувување, размислување за животниот циклус и регенерација. Социјалната одржливост не спаѓа во оваа димензија, ниту пак одржувањето на проектот и одржливите финансии зад проектот – „финансиска“ одржливост.
2. **Инклузивност**: во нејзините различни димензии, кои се движат од пристапност и достапност за сите до инклузивни системи на управување, дизајн за сите принципи или нови општествени модели. Ова вклучува славење на различностите, промовирање на меѓугенерациски размени, справување со просторната сегрегација и изолација, поддршка на ранливите членови на заедницата и зголемување на можностите за социјална интеракција меѓу сите.
3. **Естетика и квалитет на искуство за луѓето:** преку дизајн и емотивни/културолошки придобивки, како на пример, поврзување со квалитетите на некое место и поттикнување чувство на припадност преку значајни искуства или интегрирање на нови трајни културни и општествени вредности.

b) Исклучителен карактер во однос на трите главни **принципи на работа** на Новиот европски Баухаус (**35/100 поени**):

1. **Партиципативен процес:** вклученост на заедниците засегнати од проектот во фазата на заеднички дизајн, донесување одлуки и спроведување, зајакнување на локалните заедници.
2. **Вклученост на повеќе нивоа:** ефективна размена и хоризонтално – со врсниците – и вертикално – со други кои работат во различни размери; за поврзување на засегнатите страни кои споделуваат слични цели.
3. **Трансдисциплинарен пристап:** ангажирање на практичари и знаења од различни области, како и црпење на знаењето на неакадемиците и на јавноста.

c) **Иновативна димензија** во споредба со предоминантните практики. **(10/100 поени)**

d) Висок потенцијал за **преносливост и повторливост** (на пример, на методологијата) во различни контексти. **(5/100 поени)**

## 8.2. Критериуми за наградување по нишка:

**За Нишка А – Шампиони на Новиот европски Баухаус:**

Демонстрирани **резултати, аутпути или влијанија** на предлогот во однос на неговите цели и во поглед на она што се очекува во контекст на соодветната категорија. Ова вклучува и придобивки од проектот за директни и индиректни

корисници. Концептите треба да нудат локални решенија за глобални предизвици. **(10/100 поени)**

**За Нишка Б - Ѕвезди во подем на Новиот европски Баухаус:**

Релевантност, квалитет и кредибилитет на **планот за развој на концептот**, со особено внимание посветено на чекорите предвидени за годината што следи по аплицирањето. Планот треба да го вклучува опсегот на предвидените резултати и придобивки од спроведувањето на концептот за директни и индиректни корисници. Резултатите и придобивките треба да бидат детално наведени во врска со целите на концептот и со она што се очекува во контекст на соодветната категорија. Концептите треба да нудат локални решенија за глобални предизвици. **(10/100 поени)**

### 8.3. Дополнителни критериуми за наградување:

Имајќи го предвид рангирањето на апликациите врз основа на критериумите за наградување наведени погоре, конечната селекција на жирито (препорака за добитниците меѓу финалистите) ќе ги земе предвид следните критериуми:

(i) географска разновидност, истовремено обезбедувајќи дека една четвртина од проектите и концептите се лоцирани во региони на ЕУ кои се соочуваат со поинтензивни социо-економски предизвици и места кои се соочуваат со најголем предизвик поради потребата да еволуираат во јаглеродно неутрална економија. (Види ги картите на подобните региони достапни во Анекс 1, заедно со список на овие региони во Анекс 2).

(ii) рамнотежа меѓу апликациите што се однесуваат на физичка трансформација на изградената средина („цврсти инвестиции“) и други видови трансформации („меки инвестиции“).

(iii) разновидност на контексти (рурален/урбан, од мал/поголем размер, итн.).

Што се однесува до географската разновидност, жирито ќе се погрижи ниту една земја-членка на ЕУ, партнер од Западен Балкан или Украина што учествува да не биде претставена повеќе од двапати меѓу наградите во сите категории и нишки, вклучувајќи го резултатот од јавното гласање и наградата „Посебно признание за напорите за обнова и закрепнување на Украина“.

Ова правило важи и за апликации со меѓународен географски опсег дефиниран во Критериумите за подобност (точки 18 и 22). Ова значи дека истата земја-членка на ЕУ, партнер од Западен Балкан или Украина не може да биде претставена повеќе од вкупно четирипати меѓу сите добитници (најмногу двапати за апликации со национален географски опсег и најмногу двапати за апликации со меѓународен географски опсег).

## 9. Процес на селекција

Процесот на селекција на добитниците го организира и надгледува Одбор за евалуација составен од претставници на Европската комисија. Одборот ќе обезбеди почитување на важечките правила, вклучително и во однос на конфликт на интереси. Одборот не ги оценува самите апликации.

Процесот на селекција ќе се одвива во неколку чекори.

1. **Проценка на подобност** (планирана за ноември-декември 2023 година)

Одборот за евалуација ќе ги разгледа сите апликации за да ја оцени нивната подобност согласно критериумите наведени подолу.

2. **Проценка на квалитет** (планирана за јануари-февруари 2024 година)

Надворешни експерти ќе бидат избрани од страна на службите на Европската комисија за да спроведат проценка на апликациите. Европската комисија ќе објави „Повик за изразување интерес“ во потрага по експерти кои ќе покажат релевантна експертиза во однос на Новиот европски Баухаус (балансирана разновидност на експертиза во врска со одржливост, инклузија и естетика). Ќе се земе предвид и родовата и географската рамнотежа. Експертите не смеат да имаат никаков удел или конфликт на интереси со апликациите поднесени за конкурсот за Наградите Нов европски Баухаус.

Избраните експерти ќе ги оценат апликациите и ќе доделат поени врз основа на критериумите за наградување споменати во точка 8. Секоја подобна апликација ќе биде оценета од двајца различни експерти.

**Списокот на финалисти** ќе биде формиран со избирање на трите апликации со најмногу поени во секоја категорија и нишка и ќе содржи најмногу 24 финалисти. Списокот на финалисти потоа ќе биде дополнет според следните правила:

- Прво, доколку некоја земја-членка на ЕУ, партнер од Западен Балкан или Украина не е претставена во примерокот од 24 најдобри апликации, најдобро оценетиот подобен проект од оваа земја ќе биде додаден на списокот на финалисти.
- Второ, ако најмалку една четвртина од финалистите не се од региони во ЕУ кои се соочуваат со поинтензивни социо-економски предизвици и места кои се соочуваат со најголем предизвик поради потребата да еволуираат во јаглеродно неутрална економија, највисоко оценетите подобни апликации од овие региони ќе бидат вклучени во списокот на финалисти (види карта на подобни региони разгледани во Анекс 1, заедно со список на овие региони во Анекс 2).
- Трето, доколку списокот на финалисти не опфати најмалку три подобни апликации за наградата „Посебно признание за напорите за обнова и закрепнување на Украина“, трите подобни апликации со највисоки резултати за оваа специфична награда ќе бидат вметнати и додадени на списокот.

Овие правила се применуваат под услов највисоко оценетите апликации да ги поминат сите критериуми за подобност и да соберат минимален квалитет, сфатен како најмалку 50% од поените во секоја категорија од критериумите за наградување.

Во случај бројот на финалисти да надмине 60 апликации, Одборот за евалуација може да одлучи да преземе темелна ревизија на списокот на финалисти, со цел да се намали на соодветен број, во строга согласност со следните критериуми:

(i) просечната оценка изведена од поените што ги припишуваат двајцата експерти одговорни за оценување на квалитетот на дадената апликација.
(ii) географската разновидност, истовремено обезбедувајќи дека една четвртина од проектите и концептите се лоцирани во региони на ЕУ кои се соочуваат со поинтензивни социо-економски предизвици и места кои се соочуваат со најголем предизвик поради потребата да еволуираат во јаглеродно неутрална економија (види ги картите на подобните региони достапни во Анекс 1, заедно со список на овие региони во Анекс 2).
(iii) рамнотежа меѓу апликациите што се однесуваат на физичка трансформација на изградената средина („цврсти инвестиции“) и други видови трансформации („меки инвестиции“).
(iv) разновидност на контексти (рурален/урбан, од мал/поголем размер, итн.).

3. **Јавно гласање** (планирано за март 2024 година)

Апликациите на финалистите ќе бидат објавени на веб-страницата за јавно гласање за да се утврди добитник во секоја нишка (вкупно 2 добитници). Јавното гласање ќе биде отворено за сите поединци и субјекти кои би сакале да гласаат, сè додека имаат валидна адреса за е-пошта. Гласањето ќе се одвива преку безбеден онлајн систем. Секој гласач ќе биде поканет да гласа за две апликации во секоја нишка (еден гласач може да избере најмногу 4 апликации). Ќе биде наградена апликацијата со најмногу гласови во секоја нишка.

4. **Оцена од жири** (планирано за февруари-март 2024 година)

Апликациите на финалистите ќе ги проценува финалното жири составено од експерти составено од девет члена. Експертите во финалното жири ќе бидат избрани за да се обезбеди балансирана разновидност на експертиза околу трите димензии на иницијативата на Новиот европски Баухаус (одржливост, инклузија и естетика). Ќе се земе предвид и родовата и географската рамнотежа. Членовите, исто така, ќе потврдат дека нема никаков конфликт на интереси во однос на која било од апликациите на финалистите.

Финалното жири ќе поднесе предлог за 18-те добитнички проекти и концепти во секоја категорија и нишка, вклучувајќи ги добитниците и второпласираните, како и добитникот и второпласираниот на наградата „Посебно признание за напорите за обнова и закрепнување на Украина“, имајќи го предвид квалитетот на апликациите, како и сите дополнителни критериуми наведени во критериумите за наградување.

Финалното жири ќе функционира врз основа на консензус. Во случај на постојано разликување на ставовите, одлуки може да се донесат со правило за просто мнозинство.

5. **Утврдување на резултатите** (планирано за март 2024 година)

Одборот за евалуација прво ќе ја провери регуларноста на целиот процес, ќе ги разгледа резултатите од јавното гласање и предлогот на финалното жири и ќе го

утврди списокот на избраните добитници – вкупно 20 добитници, вклучувајќи ги добитниците и второпласираните.

Секој добитник може да добие награда само еднаш, т.е. или од јавното гласање или преку препорака на жирито. Во случај некој од двајцата добитници на јавното гласање да стане дел од конечниот список на 18-те најдобро оценети апликации предложени од конечното жири, тие ќе бидат заменети со втората најдобро оценета апликација во истата нишка и категорија. Истото важи и за наградата „Посебно признание за напорите за обнова и закрепнување на Украина“.

Европската комисија ќе ги додели наградите на избраните добитници врз основа на препораките на Одборот за евалуација.

## 10. Откажување на наградата

Комисијата може да го откаже натпреварот или да одлучи да не ја додели наградата во која било или во сите категории, без никаква обврска да им надомести на учесниците, доколку: (а) не е примена ниту една апликација; (б) Одборот за евалуација не може да одбере добитник во секоја категорија и нишка; (в) добитниците не ги исполнуваат условите или мора да бидат отстранети.

## 11. Повлекување на наградата

Комисијата може да ја повлече наградата по нејзиното доделување и да ги поврати сите извршени плаќања доколку открие дека: (а) биле користени лажни информации, измама или корупција за нејзино добивање; (б) добитникот не ги исполнувал условите или требало да биде отстранет; (в) добитникот сериозно ги прекршил своите обврски според горенаведените правила на овој натпревар.

## ANNEXES

**Annex 1: Maps of eligible regions and territories in the EU considered for one fourth of the prizes**

**Annex 2: List of eligible regions and territories in the EU considered for one fourth of the prizes**

**Annex 3: Eligibility Criteria at a glance**

***All Annexes are available on the Prizes 2024 platform, they are all in English.***

***Please find them just above this Guide to Applicants under 'Guide to Applicants' on the platform.***